Независен академски синдикат
Бр. 04-3/1
15.10 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 47 и член 55 од Статутот на Независниот академски синдикат, Советот на НАКС на седницата одржана на 15.10.2020 година го донесе следниот:

**А Н Е К С**
**на Одлука за избор и отповикување на членови за делегати на Конгрес и кандидати за органи на Независниот академски синдикат**
**бр.04-1/1 од 11.09.2020 год**

**Б. ЕЛЕКТРОНСКО ГЛАСАЊЕ**

После чл.36 од Одлуката се додава нова точка 1 која гласи:

1. **Електронско гласање на Конгрес**

По точката 1 се додаваат следниве членови:

Член 37

Пред гласањето секој делегат на Конгресот на електронската адреса со која е најавен на електронската платформа на која се одржува Конгресот добива уникатен код со кој ќе се најави во софтверот за гласање. Кодовите за гласање ги генерира администраторот според листата на делегати чии мандати ги верификувала Верификационата комисија, на која покрај името и презимето на делегатот е наведена и неговата електронска адреса.
Изборната комисија може да врши увид на техничкиот дел од постапката за гласање

Член 38

Со Деловникот за работа на Конгрес подетално ќе се уреди начинот на работа на делегатите и работното претседателство, како и начинот на гласање и пребројување на гласовите, при изборот на кандидати и носењето на одлуки.

1. **Гласање за Претседател на НАКС и органи на НАКС**

Член 39

(1) Гласањето за Претседател и Совет, Надзорен одбор и Статутарна Комисија е лично, непосредно и тајно.
(2) Гласањето се врши лично по електронски пат, секогаш кога Советот ќе донесе одлука за електронско гласање.
(3) Гласањето за Претседател се спроведува на начин што се кликнува означеното поле пред редниот број пред името на кандидатот за кој се гласа. Доколку има само еден кандидат за Претседател се гласа со избор помеѓу опциите за/против/воздржан.
(4) Гласањето за Надзорен одбор и Статутарната комисија се спроведува на начин што се кликнува означеното поле пред редниот број на името на кандидатот за кој се гласа, при што се гласа за онолку кандидати колку што се избираат членови,

додека пак за членови на Совет, се гласа за целата листа на кандидати. При гласањето за Совет се бира помеѓу опциите за/против/воздржан.

Член 40

(1) По завршувањето на гласањето, Изборната комисија започнува со утврдување на резултатите од гласањето.
(2) Резултатите од гласањето се утврдуваат по електронски пат, автоматски, а администраторот ги доставува до изборната комисија во вид на табела, од која може да се види само колкумина од делегатите го искористиле правото на глас, но не може да се утврди идентитетот на гласачот и да се поврзе со резултатите од гласањето.

Член 41

По завршувањето на гласањето, Изборната комисија поднесува извештај до Конгресот, за резултатите од гласањето.

Член 42

Избраниот записничар за целиот тек на конгресот, за дискусиите по утврдените точки од дневниот ред и самиот процес на гласање, води записник, чија веродостојност, треба да биде оверена од двајцата оверувачи избрани на Конгресот.

Член 43

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Скопје, 15.10.2020 год.

в.д. Претседател на НАКС

---------------------------------

Проф. д-р Елена Џукеска